РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 12-07-2021 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 41 | 302/1 | | |

До
Единица за локална самоуправа

**ПРЕДМЕТ: Барање за информации од јавен карактер**

Почитувани,

– Глас против насилството, во рамките на проектот ,,На пат кон ЕУ: Спречување на насилството врз жените во согласност со ЕУ стандардите" спроведува мониторинг на Националниот акциски план за имплементација на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејно насилство (Истанбулска Конвенција). Владата на Република Северна Македонија на деведесет и третата седница одржана на 9.10.2018 година го усвои Националниот акциски план за имплементација на Истанбулската Конвенција (2018-2023) и ги задолжи сите надлежни министерства и релевантни институции да подготват годишни Оперативни планови за спроведување на активностите од НАП-от и да ги објават на своите ВЕБ страници.

**Во декември 2020 година Националната Мрежа против насилство врз жените и семејно насилство го публикува Извештајот за напредокот на Р.Северна Македонија при спроведувањето на националниот Акциски План (2018-2023) за имплементација на Истанбулската Конвенција(ИК) за период од 2 (две) години и тоа од октомври 2018 до октомври 2020 година**

**Согласно усвоениот Национален Акциски План (2018-2023) (НАП) во ЦЕЛ 3, а се однесува на превенцијата од родово базирано насилство и семејно насилство вие како единици за локална самоуправа(ЕЛС) сте носители за спроведување на определени активности.**

**Во насока на спроведување на гореспоменатиот мониторинг, Национална мрежа има потреба од информации од јавен карактер во врска со спроведувањето на активностите предвидени во НАП-от(2018-2023) за ИК 2019, 2020г иза 2021 година од јануари заклучно до 31.мај.**

Врз основа на ова, согласно член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија бр. 101/19) бараме одговор на долунаведените прашања:

1. **Дали Единицата за локална самоуправа изработи Годишен оперативен план за имплементација на активностите предвидени во НАП-от за ИК за 2019, 2020 и 2021 година? Доколку да, дали се достапни на веб страната? Ве молиме доставете ги или прикачете линк од нивната објава.**

2. **Дали имате спроведено активности за подигање на свеста за сите форми на родово-базирано насилство, промовирање на родовата еднаквост и елиминирање на стереотипите за родови улоги во урбани и во рурални средини за 2019 година, 2020 година и 2021 година заклучно до 31 мај?**
   - **Доколку одговорот е ДА, ве замолуваме да наведете колку локални трибини, средби со населението имате одржано, дали имате дистрибуирано материјали, каде ги имате одржано, колку населени места имате опфатено и колку граѓани имате информирано.**
   - **Доколку имате објавено на социјалните медиуми или на Вашата веб страна ве молиме пратете линк од нивната објава.**

Архивски знак: 4105
Рок на чување: 3 години
20.01.2022 година
Отпис

3. Дали во Вашите постојни документи, но и во идните документи кои планирате да ги подготвите или дел да ревидирате имате воведена стратешка цел за спречување и заштита на сите форми на насилство врз жени и семејно насилство?

-Доколку одговорот е ДА, ве молиме наведете ги постојните документи каде е вклучена оваа стратешка цел или планираните нови документи каде би ја вклучиле.

4. **Доколку некои од предвидените активности за 2019/2020 заклучно до мај 2021 година не се спроведени согласно вашата програма за работа, ве замолуваме да ни доставете информации зашто истите не се реализирани и кога и како се планира нивно спроведување? Дали истите планирате да ги спроведете во тековната 2021 година?**

5. **Дали вашата општина аплицира на Јавниот Повик објавен од страна на Министерството за труд и социјална политика во рамки на Проектот за подобрување на социјалните услуги (ППСУ) со финансиска поддршка од Меѓународната Банка за обнова и развој (Кредит Бр: 8902 –МК )[1]?**

   **-Доколку одговорот е ДА, ве молиме наведете за кој вид на социјални услуги ви беше проектна апликација.**

   **-Дали ви беше одобрен грант по овој јавен повик?**

   **-Доколку ДА, ве молам наведете кратко како се спроведуваат активностите во проектот.**

**Доколку имате дополнителни информации или прашање ве замолуваме да ги контактирате електронски Лицата за контакт и тоа:**

Ве замолуваме бараните податоци доставете ни ги по електронски пат на следнава e-mail адреса:

**Ви благодариме за соработката,**

Со почит,

*Извршна директорка*
*Национална мрежа против насилство врз жени и семејно насилство*

[1] https://www.mtsp.gov.mk/pocetna-ns_article-123javen-povik-do-opshtinite-i-opshtinite-vo-gradot-skopje-vo-

ОПШТИНА БИТОЛА

Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија

Одделение за јавни дејности

**До**

**Виолета Налевска**

**Советник за економски развој**

**Бр. 41-302/2**

**12.07.2021**

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 41-302/1 за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство.

Ве молам за писмено известување (одговор) во рок од 3 работни дена.

12.07.21

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер
Цветанка Ристевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА БИТОЛА

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија

тел: 047 234 234 047 208 335 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА
**Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија**
Одделение за економски развој

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
бр. 41-302/3
12.07 2021 год.
БИТОЛА

До
Цветанка Ристевска
Лице за посредување при остварување
На слободен пристап до информации од јавен карактер

**Предмет**: Одговор на Барање со бр. 41-302/2 од 12.07.2021

Во врска со Вашето барање бр. 41-302/2 од 12.07.2020 Ве информираме дека Општина Битола достави информација на Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство на 21 јуни 2021 по маил . Во прилог копија од маил.

12.07.2021

Советник за економски развој
м-р Виолета Налевска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 347 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

**Subject:** Re: Fw: барање за информација од јавен карактер
**From:** Виолета Налевска <viki.nalevska@bitola.gov.mk>
**Date:** 6/21/2021, 2:51 PM
**To:** "Evgenija B. Josifovska" <e.b.josifovska@hotmail.com>,

Почитувани,

Согласно Вашето барање Ве информираме дека Општина Битола нема посебен план за имплементација на НАП-от за ИК , туку своите активности пред се во делот на превенција од семејно насилство ги планира и реализира во програмата за еднакви можности во соработка со ЗГ . Секое здружение си работи посебна целна група и се опфатени ОУ, СУ и градинките. ( во прилог извештај 2019, 2020).

Во прилог Записник од ЗГ кои аплицираа по повик согласно програма за ЕМ 2021 и кои се во тек на реализација има активности за превенција од семејно и родово базирано насилство.

Во прилог програмата за ЕМ 2019, 2020, 2021.

Општина Битола аплицира на повикот за подобрување на социјалните услуги 2020 за обука на негователи на стари лица и дневен центар за деца со попреченост но не ни беа одобрени.

Поздрав

м-р Виолета Налевска

советник ЕР

Општина Битола

071-222-839

On 6/21/2021 1:41 PM, Evgenija B. Josifovska wrote:

> Евгенија Бекташ Јосифовска
>
> Советник за култура
>
> Општина Битола
>
> e-mail: e.b.josifovska@hotmail.com;
> тел: 00389 47 208 339; 00389 71 285 656

Evgenija Bektash Josifovska
Counselor for culture
Municipality of Bitola
e-mail: e.b.josifovska@hotmail.com;

tel: 00389 47 208 339; 00389 71 285 656

---

**From:**
**Sent:** Monday, June 21, 2021 1:24 PM
**To:** 'Evgenija B. Josifovska' <e.b.josifovska@hotmail.com>
**Cc:**
**Subject:** барање за информација од јавен карактер

Почитувана,

Во прилог Ви го праќаме барањето за информации од јавен карактер.

Со почит,

**Национална мрежа против**

**насилство врз жените и семејно насилство -**

Тел.

Ул. Н                Скопје, С. Македонија

email:

Tel.

Address: Skopje, North Macedonia

Website:

Email:

**From:** Evgenija B. Josifovska <e.b.josifovska@hotmail.com>
**Sent:** Monday, June 21, 2021 1:15 PM
**To:**
**Subject:**

Почитувани,

Во Општина Битола нема стигнато барање од Ваша страна.

Ве молам ако сте во можност барањето да ми го препратите на оваа e-mail адреса, како би можеле да Ви одговориме.

Со почит,

Евгенија Бекташ Јосифовска

Лице за посредување до пристап

до информации од јавен карактер

Општина Битола

e-mail: e.b.josifovska@hotmail.com;
тел: 00389 47 208 339; 00389 71 285 656

Evgenija Bektash Josifovska
Counselor for culture
Municipality of Bitola
e-mail: e.b.josifovska@hotmail.com;

tel: 00389 47 208 339; 00389 71 285 656

— Attachments: —

| | |
|---|---|
| Извештај за програмата за ЕМ 2020.docx | 56.8 KB |
| Извештај за соработка со ЗГ 2019.docx | 24.6 KB |
| Записник ЕМ.pdf | 805 KB |
| програма за ЕМ 2021 .pdf | 768 KB |
| програма за ЕМ 2019.docx | 28.6 KB |
| ЕМ 2020.docx | 42.2 KB |

Република Северна Македонија
Општина Битола
Сектор за јавни дејности, ЕР и информатичка технологија
Бр. 41-302/4
13.07.2021
Битола

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер Сл.в. РСМ бр. 101/2019 постапувајќи по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, имателот на информации Општина Битола донесе:

РЕШЕНИЕ ЗА ДОБИВАЊЕ НА ПРИСТАП

Барањето на барателот Национална мрежа против насилство врз жени и семејно насилство од 12.07.2021 година бр.41-302/1 за пристап до информација:

- Прашањето е фотокопирано на следната страна

СЕ ОДОБРУВА

ПРАВНА ПОУКА: Барателот има право на жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на решението

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации од
јавен карактер
Цветанка Ристевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА БИТОЛА *

Gmail

Cvetanka Ristevska <cvetankam84@gmail.com>

# RE: Одговор на барање за информација од јавен карактер

1 message

Tue, Jul 13, 2021 at 12:15 PM

To: Cvetanka Ristevska <cvetankam84@gmail.com>
Cc:

Почитувана,

Ви благодарам за доставениот одговор.

Со почит,

Проектна координаторка/правна советничка

Project Coordinator/Legal advisor

**From:** Cvetanka Ristevska <cvetankam84@gmail.com>
**Sent:** Tuesday, July 13, 2021 12:02 PM
**To:**
**Subject:** Одговор на барање за информација од јавен карактер

Почитувани,

Во врска со Вашето барање добив одговор дека истото Ви е одговорено. Во прилог повторно Ви го испраќам одговорот. Ве молам за потврден мејл дека одговорот е добиен.

Со почит

---------- Forwarded message ---------
From: **Виолета Налевска** <viki.nalevska@bitola.gov.mk>
Date: Mon, Jul 12, 2021 at 9:39 AM
Subject: Fwd: Fw: барање за информација од јавен карактер
To: , Cvetanka Ristevska <cvetankam84@gmail.com>

-------- Forwarded Message --------

**Subject:**Re: Fw: барање за информација од јавен карактер

**Date:**Mon, 21 Jun 2021 14:51:51 +0200

**From:**Виолета Налевска <viki.nalevska@bitola.gov.mk>

**To:**Evgenija B. Josifovska <e.b.josifovska@hotmail.com>,

Почитувани,

Согласно Вашето барање Ве информираме дека Општина Битола нема посебен план за имплементација на НАП-от за ИК , туку своите активности пред се во делот на превенција од семејно насилство ги планира и реализира во програмата за еднакви можности во соработка со ЗГ . Секое здружение си работи посебна целна група и се опфатени ОУ, СУ и градинките. ( во прилог извештај 2019, 2020).

Во прилог Записник од ЗГ кои аплицираа по повик согласно програма за ЕМ 2021 и кои се во тек на реализација има активности за превенција од семејно и родово базирано насилство.

Во прилог програмата за ЕМ 2019, 2020, 2021.

Општина Битола аплицира на повикот за подобрување на социјалните услуги 2020 за обука на негователи на стари лица и дневен центар за деца со попреченост но не ни беа одобрени.

Поздрав

м-р Виолета Налевска

советник ЕР

Општина Битола

071-222-839

On 6/21/2021 1:41 PM, Evgenija B. Josifovska wrote: